***вести-информации***

*Веле БЛАГИН*

## ДИПЛОМИРАА СТУДЕНТИ ОД ПРВАТА ГЕНЕРАЦИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ДЕФЕКТОЛОГИЈА ПРИ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

При крајот на 1997 и почетокот на 1998 година определен број на **студенти од првата генерација** запишани на **дефектолошките студии** при Филозофскиот факултет на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"-Скопје, кои за прв пат во нашата Република започнаа во учебната 1993/94 година, дипломираа со исклучително висок просечен успех. Завршувањето на студиите беше крунисано со одбраната на нивните дипломски трудови и стекнување звање-**дипломиран дефектолог.**

Вреднувајќи го овој настан не само од историски туку и од стручен аспект, битно е да се одбележи следното:

1. Одбраната на дипломските трудови покрај официјалните комисии се одвиваа и пред студенти, заинтересирани кадри од соодветни дефектолошки установи, пред сé, од оние каде што биле вршени истражувања, родители и членови на нивните семејства како и поголем број заинтересирани граѓани кои со посебен респект и интересирање ја следат одбраната на трудовите и свечениот епилог на завршување на студиите.
2. Изборот на проблемите што се предмет на дипломските трудови, се карактеризира со своевидна инвентивност за специфичноста, постојните дилеми и различните ставови како и потребите за едно ново вреднување и приоѓање на целокупниот третман на хендикепираните лица што е вечно зависен од социјалниот и културниот тек на развојот на цивилизациските општесвено-економски односи.
3. Збунува (условно речено) како што и радува умеењето и вештината на примената на истражувачката методологија со која досегашните дипломски трудови се толку коректно и совесно подготвувани гледано од стручен аспект.
4. Запрепастува силината на нивната љубов кон оваа хумана и тешка професија што ги води во еден "деградиран свет" на својата работна и материјална егзистенција со неизбежен лимит на професионалното усовршување и напредување. Тоа, пред сé, поради објективно постојните услови во кои професионалната а посебно високата стручност останува со мал број соодветни скалила на професионално-дефектолошката хиерархија во мрежата на институциите и системот на општествениот третман на хендикепираните лица пошироко гледано.

Воодушевувајќи се од содржината на дипломските трудови (вкупно 8), како и од фактот дека тие се сериозно, стручно и предано обработени, сметаме дека е неопходно да ги наведеме имињата на студентите и насловите на нивните дипломски трудови што можат во секоја прилика да бидат на увид во библиотеката на Институтот за дефектологија и за нив дури и како феномен да се даваат вистинските оценки и верификации, што можат како позитивно или негативно искуство корисно да послужат за унапредувањето на натамошните студии по дефектологија и другите студии во поширока смисла сфатено.

Имено пишувајќи го претходниот текст ги имавме предвид по ред на дипломирањето следните автори со нивните тематски подрачја и тоа:

**1.Трајкова Зорица:**

Влијанието на ликовното воспитание на почетното пишување и совладување на писменото изразување кај лесно ментално ретардираните ученици во одделенската настава.

**2. Коцева Стојанка:**

Можностите на умерено ментално ретардираните во совладувањето на програмските содржини од запознавање со околината и природата.

**3. Стефковска Анета:**

Проценка на графомоторната организираност кај лесно ментално ретардираните деца.

**4. Роберта Митревска:**

Вклученоста на децата со пречки во развојот во редовните основни училишта на подрачјето на град Скопје.

**5. Трпевска Снежана:**

Можностите на умерено и тешко ментално ретардирани лица во совладување на работни операции при работно ангажирање.

**6. Михова Јулијана:**

Слободните активности на учениците во Центарот за специјално средно образование и воспитание "ИСКРА"-Штип

**7. Николов Петре:**

Можностите на тешко и најтешко ментално ретардираните во совладувањето на програмските содржини.

**8. Андоновска Соња:**

Состојба на артикулацијата кај децата со оштетен слух од предучилишна возраст од I до IV група според Костиќ опфатени со рехабилитациски третман.